3	Извор на податоците	Врховен суд на РМ
4	Содржина на податоците	Примени, решени и нерешени предмети
5	Опфат	Целосен
6	Начин на прибирање на податоците	Преку извештаи од судот
7	Територијално ниво (прибирање)	Република Македонија
8	Рокови	За месечните до 5-ти во тековниот месец, за годишните до 1 март во тековната година

9	Цел на прибирање на податоците	Согледување и следење на состојбите во функција на ефикасно и ажурно судство
10	Национални стандарди (законска основа)	Закон за судовите ("Службен весник на РМ" бр.36/95)
11	Меѓународни стандарди	

17. Вонредни правни лекови со исклучок на барањата за заштита на законитоста

1	Назив на истражувањето	**Вонредни правни лекови со исклучок на барањата за заштита на законитоста**
2	Периодика	Прибирање: месечно и годишно Обработка: тромесечна, шестмесечна, деветмесечна и годишна
3	Извор на податоците	Врховен суд на РМ
4	Содржина на податоците	Примени, решени и нерешени предмети
5	Опфат	Целосен
6	Начин на прибирање на податоците	Преку извештаи од судот
7	Територијално ниво (прибирање)	Република Македонија
8	Рокови	За месечните до 5-ти во тековниот месец, за годишните до 1 март во тековната година
9	Цел на прибирање на податоците	Согледување и следење на состојбите во функција на ефикасно и ажурно судство
10	Национални стандарди (законска основа)	Закон за судовите ("Службен весник на РМ" бр.36/95)
11	Меѓународни стандарди	

18. Управни спорови во првостепена постапка

1	Назив на истражувањето	**Управни спорови во првостепена постапка**
2	Периодика	Прибирање: месечно и годишно Обработка: тромесечна, шестмесечна, деветмесечна и годишна
3	Извор на податоци	Врховен суд на РМ
4	Содржина на податоците	Примени, решени и нерешени предмети
5	Опфат	Целосен
6	Начин на прибирање на податоците	Преку извештаи од судот
7	Територијално ниво (прибирање)	Република Македонија
8	Рокови	За месечните до 5-ти во тековниот месец, за годишните до 1 март во тековната година
9	Цел на прибирање на податоците	Согледување и следење на состојбите во функција на ефикасно и ажурно судство
10	Национални стандарди (законска основа)	Закон за судовите ("Службен весник на РМ" бр.36/95)
11	Меѓународни стандарди	

19. Правосилно довршени управни спорови

1	Назив на истражувањето	**Правосилно довршени управни спорови**
2	Периодика	Прибирање: годишно Обработка: годишна
3	Извор на податоци	Врховен суд на РМ
4	Содржина на податоците	Примени, решени и нерешени предмети
5	Опфат	Целосен
6	Начин на прибирање на податоците	Преку извештаи од судот
7	Територијално ниво (прибирање)	Република Македонија
8	Рокови	За месечните до 5-ти во тековниот месец, за годишните до 1 март во тековната година
9	Цел на прибирање на податоците	Согледување и следење на состојбите во функција на ефикасно и ажурно судство
10	Национални стандарди (законска основа)	Закон за судовите ("Службен весник на РМ" бр.36/95)
11	Меѓународни стандарди	

20. Статистички извештај за движењето на малолетни и полнолетни лица во казнено-поправни и воспитно-поправни домови

1	Назив на истражувањето	**Статистички извештај за движењето на малолетни и полнолетни лица во казнено-поправни и воспитно-поправни домови**
2	Периодика	Прибирање: месечно и годишно
		Обработка: месечна и годишна
3	Извор на податоците	Казнено-поправни и воспитно-поправни домови
4	Содржина на податоците	Примени, отпуштени , состојба на почетокот и на крајот на извештајниот период
5	Опфат	Целосен
6	Начин на прибирање на податоците	Преку извештаи од казнено-поправните и воспитно-поправните домови
7	Територијално ниво (прибирање)	Република Македонија
8	Рокови	За месечните до 5-ти во тековниот месец, за годишните до 1 март во тековната година
9	Цел на прибирање на податоците	Согледување и следење на состојбите во функција на ефикасно работење на КПУ И ВПУ
10	Национални стандарди (законска основа)	Закон за извршување на санкциите ("Службен весник на РМ" бр.3/97)
11	Меѓународни стандарди	

21. Статистички извештај за поднесени барања за условен отпуст на осудени лица

1	Назив на истражувањето	**Статистички извештај за поднесени барања за условен отпуст на осудени лица**
2	Периодика	Прибирање:тромесечно и годишно
		Обработка: тромесечна, шестмесечна, деветмесечна и годишна
3	Извор на податоците	Казнено-поправните установи
4	Содржина на податоците	Доставени, позитивни, негативни, висина на казната и остаток од казната
5	Опфат	Целосен
6	Начин на прибирање на податоците	Преку извештаи од КПУ
7	Територијално ниво (прибирање)	Република Македонија
8	Рокови	За тромесечните до 5-ти во тековниот месец, за годишните до 1 март во тековната година
9	Цел на прибирање на податоците	Евиденција на барања за поднесени и условно ослободени осудени лица
10	Национални стандарди (законска основа)	Закон за извршување на санкциите ("Службен весник на РМ" бр.3/97)
11	Меѓународни стандарди	

22. Статистички извештај за поднесени барања за прекин на казната

1	Назив на истражувањето	**Статистички извештај за поднесени барања за прекин на казната**
2	Периодика	Прибирање: шестмесечно
		Обработка: шестмесечна
3	Извор на податоците	КПУ
4	Содржина на податоците	Примени, позитивни, негативни и должина на прекинот на казната
5	Опфат	Целосен,
6	Начин на прибирање на податоците	Преку извештаи од КПУ
7	Територијално ниво (прибирање)	Република Македонија
8	Рокови	До 5-ти во тековниот месец
9	Цел на прибирање на податоците	Согледување и следење на бројот на поднесени и позитивно и негативни решени барања
10	Национални стандарди (законска основа)	Закон за извршување на санкциите ("Службен весник на РМ" бр.3/97)
11	Меѓународни стандарди	

23. Годишен статистички извештај

1	Назив на истражувањето	**Годишен статистички извештај**
2	Периодика	Прибирање: годишно
		Обработка: годишна
3	Извор на податоците	КПУ И ВПД

4	Содржина на податоците	Извршување на санкциите спрема осудени, малолетни лица и прекршочно казнети лица, кадровска состојба, финасиска состојба на стопанските единици
5	Опфат	Целосен
6	Начин на прибирање на податоците	Преку извештаи од казнено-поправните установи
7	Територијално ниво (прибирање)	Република Македонија
8	Рокови	До 1 март во тековната година
9	Цел на прибирање на податоците	Согледување и следење на функционирањето на казнено-поправните установи
10	Национални стандарди (законска основа)	Закон за извршување на санкциите ("Службен весник на РМ" бр.3/97)
11	Меѓународни стандарди	

24. Тромесечен извештај

1	Назив на истражувањето	**Тромесечен извештај**
2	Периодика	Прибирање: квартално Обработка: тромесечна, шестмесечна, деветмесечна и годишна
3	Извор на податоците	КПУ И ВПД
4	Содржина на податоците	Прегледи за состојбата и движењата со осудени, малолетни притворени лица, нивната структура, број, вид на кривични дела
5	Опфат	Целосен
6	Начин на прибирање на податоците	Преку извештаи од КПУ И ВПД
7	Територијално ниво (прибирање)	Република Македонија
8	Рокови	До 15-ти во тековниот месец
9	Цел на прибирање на податоците	Согледување и следење на функционирањето на казнено-поправните установи
10	Национални стандарди (законска основа)	Закон за судовите ("Службен весник на РМ" бр.36/95)
11	Меѓународни стандарди	

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2344/1
20 октомври 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Прилог 1

Значење на кратенките употребени во Програмата за статистички истражувања за период 2003-2007 година

BEC - Broad Economic Categories
Класификација на пошироки економски категории

CPA - Classification of Products by Activities
Класификација на производи по активности

COICOP-Classification of Individual Consumption by Purpose
Класификација на индивидуалната потрошувачка по намена

EUROSTAT-Statistical Office of the European Communities
Статистички уред на земјите на Европската Унија

EEC - European Economic Community
Европска економска заедница

ECE/EU-Economic Commision for Europe/United Nations
Европска економска комисија /Обединети нации

ECP-European Comparison Programme
Европска програма за споредба

ESA 95-European Sistem of Accounts
Европски систем на сметки

FAO - Food and Agriculture Organization of UN
Меѓународна организација за храна и земјоделие при Обединетите нации

HS - Harmonised System of Commodity Codes and Names
Хармонизиран систем на тарифни називи и шифри

ISO - International Standard Organization
Меѓународна организација за стандарди

ISCED,97-International Standard Classification of Education
Меѓународна стандардна класификација на образованието

ISIC-International Standard Industrial Classification
Меѓународна стандардна индустриска класификација

ISCO-International Standard Classification of Occupation
Меѓународна стандардна класификација на занимања

IMF-International Monetary Fund
Меѓународен Монетарен фонд

IEA/OECD-International Energy Agency/Organization of Economic Cooperation and Development
Меѓународна агенција за енергија/Организација за економска соработка и развој

NACE REV.1, Classification of Economic Activities in the EU,revision 1
Класификација на економски дејности во Европската Заедница,прва ревидирана верзија

NUTS=НТЕС
Номенклатура на територијални единици за статистика

OECD-Organization of Economic Cooperation and Development
Организација за економска соработка и развој

PRODCOM - Community Production
Номенклатура на индустриски производи на ЕУ

SITC, Rev. 3 Standard International Trade Classification, Rev. 3
Стандардна меѓународна трговска класификација, 3 ревидирана верзија

SNA 93-Sistem of National Accounts
Систем на национални сметки

UNESCO-United Nations Educational,Scientific and Cultural Organization
Образовно научна организација на Обединети нации

WB-World Bank
Светска Банка

СРДС-Статистички регистар за деловни субјекти

СРН-Статистички регистар за население

СРПЕ-Статистички регистар за просторни единици

1522.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.10.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПРОЕКТОТ „ПОДДРШКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СУДСКА МЕДИЦИНА И КРИМИНАЛИСТИКА ПРИ ВОВЕДУВАЊЕ ДНК-АНАЛИЗА“

Член 1

За реализација на проектот „Поддршка на Институтот за судска медицина и криминалистика при воведување ДНК - анализа“ се обезбедуваат средства во износ од 3.100.000 денари. Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2003 година, Раздел 090.02 Министерство за финансии - функции на државата, Програма 12-Функција, потставка 467121 - Изградба на други објекти.

Член 2

Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се исплаќаат од Министерството за финансии на изведувачите и тоа авансно до 30% од вредноста на договорот, а остатокот по претходно доставена документација за извршени градежни работи од страна на Медицинскиот факултет - Скопје.

Член 3

Се задолжува Министерството за финансии за реализација на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-4146/1
27 октомври 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1523.

Врз основа на член 25 од Законот за надворешно трговско работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/02 и 31/03), а во врска со член 7, став 5 од Законот за надворешно трговско работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/93, 78/93, 59/96, 15/97, 13/98, 13/99, 50/99, 82/99, 4/01 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.10.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА УВОЗ НА ШЕЌЕР

Член 1

Одлуката за определување на условите за увоз на шеќер, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/03, престанува да важи.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-4610/1
27 октомври 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1524.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.10.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за основање на Служба за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/98, 45/98, 27/99, 21/01, 30/01 и 21/02), во член 15 по зборот “наука“ се става запирка и се додаваат зборовите: „Министерство за труд и социјална политика“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3988/1
27 октомври 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1525.

Врз основа на член 7, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/03 и 61/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.10.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ПОСЕБНИОТ ДЕЛ УТВРДЕН СО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА

Член 1

Во посебниот дел од Буџетот на Република Македонија за 2003 година, кај сметката 637, кај разделот 36002 Основно јавно обвинителство Битола, Програма 12-Судска администрација, потставката 401216 - Надомест за превоз до и од работното место се намалува за 71.095 денари, потставката 421113 - Губретарина се зголемува за 16.220 денари, потставката 424112 Списанија, весници и други изданија се зголемува за 54.875 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-4640/1
27 октомври 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1526.

Врз основа на член 7, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/03 и 61/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 октомври 2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ПОСЕБНИОТ ДЕЛ УТВРДЕН СО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА

Член 1

Во посебниот дел од Буџетот на Република Македонија за 2003 година, кај сметката 637, кај разделот 01001 Претседател на Република Македонија, Програма 11 Администрација, потставка 420121-Патување во странство-хранарина (дневница) се намалува за 2.000.000 денари, потставката 420122-Патување во странство-патни расходи се намалува за 2.000.000 денари, потставката 420123-Патување во странство-сме-

стување се намалува за 1.500.000 денари, потставката 427112-Одликувања се намалува за 1.000.000 денари, потставката 427117-Репрезентација се намалува за 1.000.000 денари, потставката 420112-Патување во земјата-патни расходи се зголемува за 1.500.000 денари, потставката 420113-Патување во земјата-сместување се зголемува за 2.000.000 денари, потставката 423112-Телефон и телефакс се зголемува за 1.000.000 денари, потставката 424114-Други административни материјали се зголемува за 500.000 денари и потставката 427122-Други оперативни расходи се зголемува за 2.500.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4642/1
27 октомври 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1527.

Врз основа на член 7, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/03 и 61/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 октомври 2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ПОСЕБНИОТ ДЕЛ УТВРДЕН СО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА

Член 1

Во посебниот дел од Буџетот на Република Македонија за 2003 година, кај сметката 637, раздел 29001 Републички судски совет, Програма 12-Судска администрација, потставката 420121-Патување во странство-хранарина (дневница) се намалува за 100.000 денари, потставката 422111-Централно греење се намалува за 150.000 денари, потставката 425111- Поправка и сервисирање на леки коли се зголемува за 100.000 денари и потставката 427117-Репрезентација се зголемува за 150.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4643/1
27 октомври 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1528.

Врз основа на член 7, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/03 и 61/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.10.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ПОСЕБНИОТ ДЕЛ УТВРДЕН СО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА

Член 1

Во посебниот дел од Буџетот на Република Македонија за 2003 година, кај сметката 637, кај разделот 03001 Уставен суд на Република Македонија, Програма 11- Администрација, потставката 425219 - Одржување на софтверска и хардверска опрема се намалува за 20.000 денари, 425217 - Дезинфекција, дезинсекција и дератизација се намалува за 10.000 денари, 420123 - Патување во странство - сместување се намалува за 250.000 денари, 426712 - Независни консултанти и експерти се намалува за 15.000 денари, 423111 - Пошта се намалува за 25.000 денари, потставката 424112 - Списанија, весници и други изданија се зголемува за 70.000 денари, потставката 424114 - Други административни материјали се зголемува за 10.000 денари, потставката 427117 - Репрезентација се зголемува за 90.000 денари, потставката 420113 - Патување во земјата - сместување се зголемува за 60.000 денари, поставката 423112 - Телефон и телефакс се зголемува за 40.000 денари, потставката 424111 - Канцелариски материјали се зголемува за 50.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4675/1
27 октомври 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1529.

Врз основа на член 7, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/03 и 61/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.10.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ПОСЕБНИОТ ДЕЛ УТВРДЕН СО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА

Член 1

Во посебниот дел од Буџетот на Република Македонија за 2003 година, кај сметката 637, раздел 05001-Министерство за одбрана, Програма 11-Администрација, потставката 420111-Патување во земјата-хранарина (дневница) се намалува за 1.590.000 денари, потставката 420112-Патување во земјата-патни расходи се намалува за 300.000 денари, потставката 420114-Патување во земјата-споредни расходи се намалува за 50.000 денари, потставката 423112-Телефон и телефакс се намалува за 28.600 денари, потставката 423113-Државни врски се намалува за 500.000 денари, потставката 423214-Регистрација на моторни возила се намалува за 50.000 денари, потставката 424115-Копирање, печатење и издавање се намалува за 950.000 денари, потставката 424414-Материјали за одбрана се намалува за 1.000.000 денари, потставката 424611-Книги и учебници се намалува за 19.200 денари, потставката 424712-Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка се намалува за 100.000 денари, потставката 424713-Други материјали се намалува за 36.600 денари, потставката 426615-Осигурување на моторни возила се намалува за 280.000 денари, потставката 426711-Преведувачи се намалува за 10.000 денари, потставката 427111-Државни награди се намалува за 250.000 денари, потставката 423212-Гуми се зголемува за 90.000 денари, потставката 423213-Резервни делови се зголемува за 150.000 денари, потставката 424112-Списанија, весници и други изданија се зголемува за 50.000 денари, потставката 424711-Сред.за одржување на хигиената се зголемува за 50.000 денари, потставката 426213-Друг тип на простор се зголемува за 1.400.000 денари, потставката 426716-Други стручни услуги се зголемува за 1.700.000 денари, потставката 426718-Други договорни услуги се зголемува за 1.000.000 денари, потставката 426811-Членарини во меѓународни организации се зголемува за 76.000 денари, потставката 427122-Други оперативни расходи се зголемува за 524.400 денари, кај сметката 637, раздел 05001-Министерство за одбрана, Програма 12-АРМ, потставката 423211-Горива и масла се намалува за 7.000.000 денари, потставката 423213-Резервни делови се намалува за 5.280.300 денари, потставката 423216-Расходи за транспорт на стоки се намалува за 99.960 денари, потставката

423217-Други расходи за транспорт се намалува за 15.500.000 денари, потставката 424111-Канцелариски материјали се намалува за 100.000 денари, потставката 424112-Списанија, весници и други изданија се намалува за 70.000 денари, потставката 424113-Ленти, касети и друго за АОП се намалува за 80.000 денари, потставката 424114-Други административни материјали се намалува за 369.860 денари, потставката 424115-Копирање, печатење и издавање се намалува за 500.000 денари, потставката 424211-Униформи се намалува за 396.000 денари, потставката 424311-Прехранбени продукти се намалува за 70.993.048 денари, потставката 424414-Материјали за одбрана се намалува за 8.957.935 денари, потставката 424611-Книги и учебници се намалува за 10.000 денари, потставката 424612-Наставно-образовни помагала се намалува за 100.000 денари, потставката 424711-Средства за одржување на хигиена се намалува за 219.802 денари, потставката 424712-Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка се намалува за 1.850.000 денари, потставката 424713-Други материјали се намалува за 515.000 денари, потставката 425111-Поправка и сервисирање на леки коли се намалува за 1.000.000 денари, потставката 425112-Поправка и сервисирање на товарни возила се намалува за 2.000.000 денари, потставката 425113-Поправка и сервисирање на авиони и хеликоптери се намалува за 1.626.310 денари, потставката 426116-Други здравствени услуги се намалува за 700.000 денари, потставката 426511-Семинари и конференции се намалува за 98.000 денари, потставката 426615-Осигурување на моторни возила се намалува за 40.000 денари, потставка 426716-Др. стручни услуги се намалува за 30.000 денари, потставка 427122-Други оперативни расходи се намалува за 746.700 денари, потставката 427124-Надомест за користење на средствата и добиток за потребите на одбраната се намалува за 2.000.000 денари, потставката 420111-Патување во земјата-храна рина (дневница) се зголемува за 41.432.674 денари, потставката 420112-Патување во земјата-патни расходи се зголемува за 400.000 денари, потставката 421111-Електрична енергија се зголемува за 9.810.000 денари, потставката 421112-Водовод и канализација се зголемува за 10.000.000 денари, потставката 421113-Губретарина се зголемува за 1.000.000 денари, потставката 422111-Централно греење се зголемува за 6.000.000 денари, потставката 422114-Течни горива се зголемува за 7.199.642 денари, потставката 423214-Регистрација на моторни возила се зголемува за 40.000 денари, потставката 425215-Сервисирање на опрема се зголемува за 5.188.164 денари, потставката 425216-Одржување на градежни објекти се зголемува за 1.074.000 денари, потставката 425311-Автопати и патишта се зголемува за 232.435 денари, потставката 426213-Друг тип на простор се зголемува за 200.000 денари, потставката 427123-Надомест на граѓани во извршување на права и должности во одбраната се зголемува за 15.630.000 денари, кај сметката 637, раздел 05001-Министерство за одбрана, Програма 13-Воена академија, потставката 426717-Научно-истражувачки проекти се намалува за 700.000 денари, потставката 420111-Патување во земјата-храна рина (дневница) се зголемува за 600.000 денари, потставката 424415-Материјали за Воена академија се зголемува за 100.000 денари, потставката 424611-Книги и учебници се зголемува за 200.000 денари, кај сметката 637, раздел 05001-Министерство за одбрана, Програма 15-Сектор за услуги и производство, потставката 424311-Прехранбени продукти се зголемува за 22.000.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-4676/1
27 октомври 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1530.

Врз основа на член 36 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/03 и 61/03) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.10.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДИ И ТРЕТМАН НА ОТПАДНИ ВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2003 ГОДИНА

1. Во Одлуката за распределба на средства за изградба на водоводи и третман на отпадни води во Република Македонија во 2003 година („Службен весник на РМ“ бр. 48/2003), во точката 1:

Општина Миравци зборовите:

„- За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Миравци“, се заменуваат со зборовите: „- За реконструкција на водоводната мрежа во населено место Миравци.“

Општина Гостивар зборовите:

„- За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Балин Дол – Резервоар“, се заменуваат со зборовите: „-За изградба на фекална канализација во населено место Балин Дол.“

Општина Неготино зборовите:

„- За изградба на водовод за водоснабдување на населено место Калањево-Резервоар“, се заменуваат со зборовите: „- За изградба на фекална канализација во населено место Пепелиште.“

Општина Тетово зборовите:

„- За изградба на водовод за водоснабдување на Тетово - ул. „Илинденска“ 300.000.00

- За изградба на фекална канализација во Тетово – населба Пржова Бавча 200.000.00

- За изградба на фекална канализација во Тетово - ул. „Охридска“ 300.000.00

- За изградба на фекална канализација во Тетово - ул. „Илинденска“ 300.000.00“.

се заменуваат со зборовите:

„- За изградба на водовод за водоснабдување на Тетово - ул. „Илинденска“ 1.100.000.00“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-4498/1
27 октомври 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ

ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ - СКОПЈЕ

34.

Врз основа на член 15 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2000, 29/2002, 43/2002 и 49/2003) и член 33 од Статутот на Фондот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2001, 68/2002 и 31/2003), Управниот одбор на Фондот на својата XIII-та седница одржана на 10.10.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ СКОПЈЕ

Член 1

Во членот 1 алинеја 12 од овој статут се брише.

Член 2

Во членот 11 став 3 се менува и гласи: „Фондот ги осигурува депозитите на физичките лица до денот на исклучување на банка или штедилница од членството на Фондот“.

Член 3

Во членот 12 став 1 во воведната реченица зборовите: „гарантира за“ се заменуваат со зборовите: „ги осигурува и не ги обесштетува“.

Во точката 2 процентот „10%“ се заменува со процентот „5%“.

По точката 4 се додава нова точка 5 која гласи: „Депозити кои се поврзани со трансакции со кои се вршело перење на пари, доколку прекршителот е осуден и казната е во сила“.

Во ставот 2 зборовите: „гаранцијата на депозитот“ се заменуваат со зборовите: „вкупниот износ на депозити на лицето“, а по зборот „обврските“ точката се брише и се додаваат зборовите: „на лицето кон банката или штедилницата“.

Член 4

Во членот 13 став 1 точки 1 и 2 зборот „депозитот“ се заменува со зборовите: „вкупниот депозит“.

Во ставот 3 по зборовите: „зголемена за“ се додаваат зборовите: „пресметаната, а непристигната“.

Во ставот 5 зборот „неприпишана“ се заменува со зборот „непристигната“.

Ставовите 6 и 7 се менуваат и гласат:

„Депозитите вложени во девизи се конвертираат во денари по среден курс на Народната банка на Република Македонија, кој важи на денот на настанување на ризичниот настан.

Обесштетувањето на денарски и девизни депозити се исплатува во денари“.

Член 5

Во членот 15 став 1 зборовите: „да го објават видот и износот на гаранцијата за штедни влогови“ се заменуваат со зборовите: „да објават соопштение за депозитите кои се осигурени во Фондот и за висината на обесштетувањето од страна на Фондот“.

Во ставот 2 зборовите: „во врска со видот и износот на гаранцијата за депозитите на членките на Фондот“ се заменуваат со зборовите: „од овој член“.

Член 6

Членот 16 се менува и гласи: „Денот на конечноста на одлуката на гувернерот на Народната банка на Република Македонија за укинување на дозволата за основање и работење на банка или штедилница се смета за ден на настанување на ризичен настан.

Фондот започнува со обесштетување на осигурените депозити на физичките лица во рок од три месеци од денот на настанување на ризичен настан“.

Член 7

Во членот 17 зборовите: „или ќе ги наплати од средствата на банката/штедилницата во санација“ се бришат.

Член 8

Членот 19 се менува и гласи:

„Средствата на Фондот се формираат од основачкиот влог, наплата на премии за осигурување на депозитите на физички лица, наплата на влезни премии и приходи од пласмани.

Средствата од наплатените премии за осигурување, влезните премии и дополнителните уплати претставуваат прилив во резервите на сигурност на Фондот“.

Член 9

Во членот 20 став 1 процентот „5%“ се заменува со процентот „4%“.

Ставот 2 се брише.

Член 10

Во членот 21 став 1 зборовите: „при настанување на ризичен настан“ се бришат.

Во точката 1 зборовите: „настанал ризичниот настан“ се заменуваат со зборовите: „гувернерот на Народната банка на Република Македонија ја донел конечната одлука согласно со член 16 став 1 од овој статут“.

Во ставот 2 зборовите: „или од средствата на банката/штедилницата во санација, зголемени за есконтната стапка на Народна банка на Република Македонија“ се бришат.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи: „Дополнителните уплати од ставот 1 точка 1 на овој член, банките и штедилниците се должни да ги уплатат на сметка на Фондот, најдоцна во рок од 8 дена од денот на доставувањето на пресметката до банките и штедилниците од страна на Фондот“.

Член 11

Во членот 22 во став 2 зборот „исплата“ се заменува со зборот „обесштетување“, а пред зборот „трошоци“ се додаваат зборовите: „покривање на“.

Член 12

Во членот 23 став 1 процентот „2,5%“ се заменува со процентот „0,7%“.

Во ставот 2 по зборот „начинот“ се додава запирка и зборот „рокот“.

Ставовите 3, 4 и 5 се менуваат и гласат:

„Фондот пресметува и наплатува законска затезна камата, во случај на доцнење со уплата на премиите од ставот 1 на овој член.

Средствата уплатени во Фондот од страна на банките и штедилниците по основ на премии се неповратни.

Новооснованите банки и штедилници се должни при зачленувањето во Фондот да уплатат влезна премија во висина од 1% од основачкиот капитал, а начинот и рокот за плаќање на истата ги утврдува Управниот одбор на Фондот“.

Член 13

Во членот 24 зборот „депозитите“ се заменува со зборовите: „вкупните депозити“.

Член 14

Членот 25 се менува и гласи: „Премијата за осигурување се плаќа месечно, односно по 1/12 од пресметаниот износ на премијата со примена на основицата од член 24 и стапката на премија од член 23 став 2“.

Член 15

Членот 26 се менува и гласи: „Управниот одбор на Фондот може да донесе одлука за престанок на обврската за плаќање на премија во Фондот од страна на банките и штедилниците - членки на Фондот, во случај кога средствата на Фондот ќе го надминат законското ниво од 4% од вкупните депозити на физичките лица во банка или штедилница.

По исклучок од одлуката од ставот 1 на овој член, банките и штедилниците плаќаат премија во периодот кога се под мерки за подобрување на состојбата на банката, од член 85 став 1 точки: 5, 6, 7, 8, 9, 10, 15, 18 и 19 од Законот за банките, и тоа по стапка на премија еднаква за сите, утврдена од страна на Управниот одбор на Фондот“.

Член 16

Во членот 28 алинеја 1 на крајот од реченицата по запирката се додаваат зборовите: „најдоцна до 25-от ден во тековниот месец, за претходниот месец“.

Во алинеја 2 зборовите: „како и“ се заменуваат со зборовите: „на барање на Фондот“.

Алинеја 3 се менува и гласи: „Извештај за финансиската состојба и преспективите на банката и штедилницата доставуван на барање на Фондот, а од страна на повереникот или привремениот управник именуван од гувернерот на Народната банка на Република Македонија, односно од Советот на Народната банка, најдоцна во рок од 10 дена од приемот на барањето доставено од страна на Фондот“.

По алинеја 3 се додаваат алинеите 4 и 5 кои гласат:

„Извештај за банките и штедилниците членки на Фондот врз кои се преземени мерки за подобрување на состојбата на банката од член 85 став 1 точки 5, 6, 7, 8, 9,

10, 15, 18 и 19 од Законот за банките, доставуван на барање на Фондот, а од страна на Народната банка на Република Македонија, најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето доставено од Фондот.

Извештај за тримесечната состојба на вкупниот број на штедачи со депозити во висина до 10.000 евра, меѓу 10.000 - 20.000 евра и над 20.000 евра, доставуван од банките и штедилниците членки на Фондот, најдоцна до 15-от ден во месецот за претходното тримесечје".

Член 17

Во членот 33 точка 6 по зборот „за" се додаваат зборовите: „начинот, рокот на плаќање и".

По точката 6 се додава нова точка 7 која гласи: „донесува одлука за престанок на обврската за плаќање на премијата во Фондот од страна на банките или штедилниците", а точките: 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25 стануваат: 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26.

Во точката 15 која станува точка 16 зборовите: „кога мнозинството од членови на Управниот одбор оцени и одлучи дека банка или штедилница генерално престанала со исплата на депозитите на физичките лица или кога гувернерот на Народна банка на Република Македонија ќе донесе одлука за укинување на дозволата за основање и работење на банка или штедилница" се заменуваат со зборовите: „по конечна одлука на гувернерот на Народната банка на Република Македонија за укинување на дозволата за основање и работење на банка или штедилница".

По точката 19 се додава нова точка 20 која гласи: „Се до донесувањето на одлука од страна на Комисијата за станбени и иселенички прашања на Владата на Република Македонија, Управниот одбор на Фондот може да донесе одлука за покривање на трошоците за сместување на директорот на Фондот и други трошоци во врска со остварувањето на функцијата, доколку директорот има место на живеење надвор од седиштето на Фондот".

Во точката 25 која станува точка 26 зборовите: „начинот и видот на осигурувањето на депозитите на физичките лица во Републиката" се заменуваат со зборовите: „депозитите кои се осигурени во Фондот и за висината на обесштетувањето од страна на Фондот".

Член 18

Во членот 38 точка 13 зборовите: „штедните влогови" се заменуваат со зборот „депозитите".

Во точка 14 зборовите: „начинот и видот на осигурувањето на депозитите на физичките лица во Републиката" се заменуваат со зборовите: „депозитите кои се осигурени во Фондот и за висината на обесштетувањето од страна на Фондот".

По точката 14 се додава нова точка 15 која гласи: „поднесува барање до Народна банка на Република Македонија и до повереникот или привремениот управник за доставување на извештаите согласно членот 28 од овој статут", а точките 15 и 16 стануваат 16 и 17.

Член 19

Во членот 40 став 1 зборовите: „и врши негова распределба" се бришат.

Во ставот 2 зборовите: „и со овој статут" се бришат.

Член 20

Во членот 46 став 1 зборот „заштитена" се заменува со зборот „пропишана".

Член 21

Во членот 47 став 1 се менува и гласи: „Извештаите од член 28 од овој статут, кои Фондот ги добива од Народната банка на Република Македонија, од повереникот или привремениот управник и од банките и штедилниците претставуваат деловна тајна, со исклучок на податоците добиени од Народна банка на Република Македонија за вкупната месечна состојба на депозитите во сите банки и штедилници, членки во Фондот".

Член 22

Во членот 48 алинеја 2 зборовите: „или дополнителна премија" се бришат.

Алинеите 3 и 5 се бришат.

Во алинеја 4 која станува алинеја 3 по зборот „штедилница" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи: „Управниот одбор на Фондот може да оцени и да одлучи за престанок на членството на банка или штедилница и во случај на неплаќање на дополнителна уплата".

Член 23

Во членот 51 зборовите: „да ги повлече издадените соопштенија за начинот и видот на гаранцијата на депозитите од банката или штедилницата", се заменуваат со зборовите: „да ја задолжи членката да ги повлече соопштенијата за депозитите кои се осигурени во Фондот и за висината на обесштетувањето од страна на Фондот".

Член 24

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добиената согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-340/1
10 октомври 2003 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
Маја Парнарџиева, с.р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред овој суд е поднесена тужба за утврдување право на сопственост од тужителот Марковски Блаже, Марковски Јован и Марковски Горѓи сите од Скопје, против туженот Демиров Шукрија од Скопје, со непознато место на живеење.

Се повикува туженот Демиров Шукрија да се јави во судот или да постави полномошник кој ќе ги застапува неговите интереси во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот. Во спротивно, неговите интереси ќе ги застапува посебниот старател Шпенд Девија адв. ДТЦ "Мавровка" ламела Ц кат 2 канцеларија 12/А, Скопје, кој е поставен со решение на ЈУ "Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје" бр. 3020-526-2 од 20.10.2003 година, се до правосилното окончување на постапката што се води пред овој суд, односно се додека не се јави туженот или неговиот полномошник пред судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, ХХ.П. бр. 911/03. (28547)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужба на тужителката Ленче Васкова-Мозес од Скопје, ул. "Сава Ковачевиќ" бр. 47/2-5, против туженот Вилијам Едвард Мозес, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува туженот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас да се јави во судот и во истиот рок да ја достави својата сегашна точна адреса на живеење или пак да назначи свој полномошник кој ќе ги застапува неговите интереси во спорот. Доколку, во определениот рок туженот не се јави во судот, не ја достави сегашната адреса на живеење и не постави свој полномошник ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното окончување на постапката пред овој суд.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XVII. П. бр. 2698/03. (28276)

ОСНОВЕН СУД ВО ДЕБАР

Пред Основниот суд во Дебар се води процесен предмет за развод на брак, заведен по тужба на тужителот Фејзовски Рамо од с. Џепиште, против тужената Фејзовска Енглентина од с. Џепиште. Вредност на спорот 60.000,00 денари.

Се повикува тужената, сега со непозната адреса на живеење во Р. Албанија, да се јави во судот, да достави точна адреса или определи полномошник кој ќе ја застапува во постапката по овој предмет, во рок од 30 дена сметано од објавувањето на огласот.

По истекот на овој рок на тужената ќе и се постави привремен застапник преку ЦСР Дебар.

Од Основниот суд во Дебар, П. бр. 193/03.

(28158)

ОСНОВЕН СУД ВО КОЧАНИ

Пред Основниот суд во Кочани, се води спор за развод на брак по тужба на тужителот Мендо Незиров од Кочани, со стан на ул. "В. Влаховиќ" бр. 32, против тужената Хасани Љетафет од Кочани, со истата адреса родена во Косовска Митровица, со непозната адреса во странство.

Се повикува тужената Хасани Љетафет од Кочани, да се јави во овој суд во рок од 10 дена по објавувањето на огласот или да ја достави сегашната адреса на живеење или да определи свој полномошник. Во спротивно, нејзините интереси во постапката ќе ги застапува Силвана Мишева од Кочани дипломиран правник со положен правосуден испит, вработена во ОЈО Кочани, се додека не се јави тужената, односно до окончувањето на постапката.

Од Основниот суд во Кочани, П. бр. 778/03.

(28542)

ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред Основниот суд во Куманово е поведена парнична постапка за издршка на деца, по тужба на тужителот Слаѓан Илиевски од Куманово, ул. "Плоштад Нова Југославија" бб, против тужената Сузана Каранфиловска, сега со непозната адреса. Вредност на спорот 10.000,00 денари.

Бидејќи, тужената е со непозната адреса судот по службена должност, а согласно одредбите од ЗПП за привремен застапник, до правосилното окончување на постапката го поставува адвокатот Лидија Велиновска од Куманово.

Од Основниот суд во Куманово, Х. П. бр. 1270/03.

(28160)

ОСНОВЕН СУД ВО РЕСЕН

Пред овој суд во тек е постапка за утврдување право на сопственост, по тужба на тужителот Енвер Рашитовиќ од Ресен, нас. "Црквиште" бр. 12/6, против туженот Авдија Нуредин Авдијевиќ од Земун, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 40.000,00 денари.

Се повикува туженот во рок од 30 дена, сметано од денот на објавувањето на огласот, на судот да му достави точна адреса или да одреди свој полномошник. Во спротивно, судот по службена должност ќе му постави привремен застапник кој ќе ги застапува неговите права и интереси се до окончувањето на постапката пред овој суд.

Од Основниот суд во Ресен, П. бр. 148/2003.

(28301)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово во тек е постапка за докажување на смрт на лицето Сулејман Фаслији од с. Џепчиште, а по предлог на предлагачот Бајрами Шукри од с. Џепчиште.

Се повикува лицето Сулејман Фаслији од с. Џепчиште, да се јави во Основниот суд во Тетово, или секој друг што знае за неговиот живот, во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, да пријави во судот. Во спротивно, на лицето Сулејман Фаслији ќе му се постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси се до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Тетово, Р. бр. 348/03. (28161)

Пред Основниот суд во Тетово во тек е постапка за утврдување на сопственост, по тужба на тужителите Неби Ајрула Ајрулаи и други од с. Стримница, против тужените Џемил Абдурауф Мислими и други од с. Стримница, сега со непозната адреса во Швајцарија и Р. Хрватска.

Се повикуваат тужените Ружди Абдурауф Мислими, Џеваир Абдурауф Мислими, Рецеп Абдурауф Мислими и Муќерем Абдурауф Мислими сите од с. Стримница, сега со непознат адреса во Швајцарија и Р. Хрватска, во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" да се јават во Основниот суд во Тетово или да овластат свој полномошник. Во спротивно, судот преку Центарот за социјални работи Тетово ќе им постави времен старател кој ќе ги штити нивните права и интереси, до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 819/2003.

(28162)

Пред Основниот суд во Тетово се води спор за надомест на штета, по тужба на тужителот АД за осигурување "ВАРДАР" Скопје, против туженот Абази Шабан од с. Челопек - Тетовско, сега со непозната адреса во странство.

Се повикува туженот Абази Шабан од с. Челопек, сега со непозната адреса во рок од 15 дена, по објавувањето на овој оглас да се јави во судот, достави своја сегашна точна адреса или определи полномошник кој ќе го застапува во спорот. Во спротивно, судот преку ЦСР Тетово, ќе му определи привремен старател кој ќе го застапува во постапката до нејзиното правосилно окончување.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 573/03. (28388)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во судскиот регистар на политички партии под Рег. број 132 се запишува политичката партија Центар на демократските сили, со скратено име ЦДС, со седиште во Скопје на бул. „Јане Сандански" бр. 62/3/5.

Политичката партија стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 21.10.2003 година.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, II. П.П. бр. 4/03. (28413)

Барањето за измени и дополнување на статутот на политичката партија Либерално-Демократска партија, со седиште во Скопје, бул. „Партизански одреди" бр. 89, се уважува.

Во регистарот на политички партии се запишуваат измените и дополнувањата на статутот на Либерално-Демократска партија усвоени на Второто собрание на ЕДП од 19.04.2003 година.

Од Основен суд Скопје I – Скопје, Рег. бр. 82.

(28415)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3554/2003 од 03.09.2003 година, во регистарска влошка бр. 02053089?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ТД на Друштвото за производство, трговија и услуги К.Н.Л. СИСТЕМИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. „Иван Тургењев" бб, Скопје.

Основач на друштвото, а воедно и управител во внатрешен и надворешен промет е лицето Кечовска Снежана од Скопје.

Основната главнина на друштвото изнесува 164.700,00 денари т.е. 2.700 евра.

Дејности: 01.11, 01.12, 01.13, 01.21, 01.23, 01.24, 15.11, 15.12, 15.33, 15.32, 15.51, 15.81, 15.86, 15.93, 15.98, 16.00, 17.40, 17.60, 18.22, 18.24, 18.30, 19.30, 20.30, 20.51, 21.21, 21.22, 21.23, 22.22, 22.25, 24.16, 24.51, 24.52, 24.63, 24.66, 25.11, 25.12, 25.21, 25.22, 25.23, 26.15, 28.40, 28.62, 28.63, 29.14, 29.24, 31.10, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/1, 50.50, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.41, 51.42, 51.43, 51.44, 51.45, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.64, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 52.72, 52.74, 55.30/1, 55.30/2, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.12, 63.30, 63.40, 65.12/3, 70.20, 70.31, 71.10, 72.30, 72.60, 74.40, 74.81, 74.84, 93.03, 93.05, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, меѓународна шпедиција, реекспорт, консигнација, посредување и застапување во прометот со стоки и услуги, малограничен промет со: Албанија, Бугарија, Грција, Југославија и др. земји.

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 3554/2003. (26379)

